Проектот е спроведуван од:

www.glasentekstilec.mk
www.eho-org.mk
www.ini.org.mk

# ЈАВЕН ПОВИК ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН/А ЕКСПЕРТ/КА ЗА ИЗРАБОТКА НА КРАТКА АНАЛИЗА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЖЕНИТЕ И ДЕВОЈКИТЕ ОД ИСТОЧЕН РЕГИОН

## (*Проценка на локалните потреби и проблеми на жените и девојките во надлежност на општините*)

Проектот „Преку женски активизам и граѓански иницијативи до родово инклузивни и одговорни општини“ е поддржан од Швајцарија преку Цивика мобилитас.

- ПОЗАДИНА НА ПРОЕКТОТ:

**Назив:** „Преку женски активизам и иницијативи до родово инклузивни и одговорни општини“

**Спроведувачи:** Здружение за заштита на работничките права „Гласен Текстилец“ – Штип, во партнерство со:

1. Здружение ЕХО едукативно-хуманитарна организација Штип
2. Здружение Иницијатива на невработени интелектуалци Виница

**Општа цел на проектот:** Мобилизација и развивање на критичко и независно мислење кај жени и девојки за активно учество во креирањето на локалните политики и преземање на активна улога во решавање на родово сензитивни проблеми во општините.

**Специфични цели:**

1. Да се направи проценка на актуелните потреби и приоритети на жените и девојките во локалната заедница.
2. Да се зајакнат капацитетите на жените лидерки и граѓанските активисти за активно учество во креирање и застапување на родово одговорни политики во општината.
3. Да се оствари организирано влијание и притисок врз локалните власти за решавање на родово сензитивните проблеми во заедницата.

Останати информации: достапни тука.

- ЗА АКТИВНОСТА:

| |
|---|
| **Активност: Проценка на локалните потреби и проблеми на жените и девојките во надлежност на општините (Виница, Штип и Делчево)** |
| Објаснување на активнстите и обврските: |
| **Активност 1: Подготовка на анкетен прашалник со структурирани прашања од страна на избраниот експерт/ка и соработничката на проектот:** прашалникот се изработува за утврдување на потребите и проблемите со кои се соочуваат жените од источниот регион, а во контекст на прашања за степенот на запознаеност со граѓански активизам, родово одговорните политики и родово одговорно буџетирање, проблеми и потреби во заедницата, мотиви за вклучување во креирање на политики, а посебен дел од прашалникот ќе биде наменет за прашања во однос на проблеми и потреби од родов карактер.<br><br>**Активност 2: Теренско истражување:** од страна на локални анкетарки кои ги назначуваат Гласен текстилец и партнерските организации. На терен ќе се анкетираат околу 200 граѓанки при што ќе се води сметка за еднаква застапеност на жените од различни социјални слоеви, различна возраст и различна етничка припадност, како и за вклучување на жени и девојки од Штип, Виница и Делчево и сите наведени приградски населби.<br><br>**Активност 3: Спроведување на прашалник наменет за дел од општинската администрација преку интервјуа на вработени во општината - лица кои се задолжени да ги спроведуваат одредбите од Законот за еднакви можности и препораките за Стратегијата за родово одговорно буџетирање:** опфатени: координатор/ка за еднакви можности за мажите и жените во општината, претседателка на КЕМ; претседател/ка на на комисијата за финансирање, буџет и ЛЕР, раководител/ка на секторот за финансии, одговорно лице за социјална, детска и здравствена заштита при Секторот за јавни дејности, претседател/ка на Комисијата за социјални работи и здравство, како и други лица од општинската |

администрација, советници, претставници на телата на Советот на општината, за кои ќе процениме дека се адекватни за одговарање на прашалникот.

**Активност 4: Анализа на наоди од теренско истражување:** Утврдување на потребите и приоритетите на жените и девојките со особено внимание на различните потреби и приоритети по основ на различен социјален статус, различна возрасна структура и различна етничка припадност. Анализа изработена од страна на експертот избран на овој повик, но во тесна соработка со проектниот тим и соработничката на проектот;

**Активност 5: учество во подготовка на 3 родово буџетски иницијативи** во тесна соработка со проектниот тими соработничката, кои подоцна ќе бидат презентирани на 3 форуми во Виница, Штип и Делчево, како и на еден регионален форум за Источен регион. Трите родово буџетски иницијативи ќе бидат поднесени до Општините Виница, Штип и Делчево.

Проектот „Преку женски активизам и граѓански иницијативи до родово инклузивни и одговорни општини“ е поддржан од Швајцарија преку Цивика мобилитас.

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

- ВРЕМЕНСКА РАМКА:

✓ **1 септември до 20 септември 2024**: отворен повик за пријавување;

✓ **21 септември до 26 септември 2024 година:** избор и селекција на кандидатите од страна на Комисијата назначена од трите партнерски организации (**се избира еден експерт/ка,** кој/а ќе работи со соработничката на проектот);

✓ **27 септември до 28 септември 2024 година**: известување на избраниот кандидат/ка и склучување на Договор за ангажман;

✓ **1 октомври до 14 октомври 2024 година:** доставување на предлог прашањата за истражувањето;

✓ **15 октомври до 15 ноември 2024 година:** спроведување на истражувањето од страна на локалните анкетарки (во овој период ќе се одржи и состанок. ZOOM состанок за објаснување на структурата на прашалникот);

✓ **16 ноември до 13 декември 2024 година:** сумирање на наодите од прашалниците и изработка на кратката анализа;

✓ **14 декември до 25 декември 2024 година:** доставување до проектниот тим и дополнителни консултации;

✓ Учество во подготовка на родово буџетски иницијативи, во консултација со проектниот тим.

Вкупно предвидениот и предложен ангажман да биде блиску до предвидената временска рамка.

- ОБВРСКИ И КВАЛИФИКАЦИИ:

**Обврски:**

- ✓ Подготовка на прашалник со структурирани прашања за жени и девојки – активност 1;
- ✓ Подготовка на прашалник со структурирани прашања за сектори во општините – активност 3;
- ✓ Консултативни состаноци со проектниот тим и со локалните анкетарки – активност 2 и 3;
- ✓ Анализирање  и сумирање на добиените податоци (200 прашалници од Источен регион и прашалниците од општинската администрација) – активност 1 и 3;
- ✓ Подготовка на кратка Анализа со наодите од прашалниците – активност 4;
- ✓ Подготовка на препораки до општините (составен дел од Анализата) – активност 4;
- ✓ Учество во подготовка на 3 родово буџетски иницијативи – активност 5.

**Квалификации:**

- ✓ Завршено високо образование;
- ✓ Искуство во областа (родово одговорно буџетирање) најмалку 5 години;
- ✓ Познавање на работата на граѓанските организации;
- ✓ Способности и вештини за раководење со Word и Excel за анализа на податоците.

Проектот „Преку женски активизам и граѓански иницијативи до родово инклузивни и одговорни општини“ е поддржан од Швајцарија преку Цивика мобилитас.

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

- ОБРАСЦИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ:

✓ **Лична биографија**, (во ваш образец, но не подолга од 2 страни);
✓ **Пријава,** линк за преземање: https://glasentekstilec.mk/wp-content/uploads/2024/08/Aneks-1-Prijava.docx
✓ **Буџет**, линк за преземање: https://glasentekstilec.mk/wp-content/uploads/2024/08/Aneks-2-Budget-1.xlsx
✓ **Референции** (најмалку 2 препораки во ваш образец).

- ИНСТРУКЦИИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ:

Обрсците за пријавување се поднесуваат електронски на следната адреса: gbproject@glasentekstilec.mk најдоцна до **20 септември 2024 година.**

- ПРОЦЕС НА СЕЛЕКЦИЈА:

Конзорциумот ќе формира Комисија која ќе ги оценува пристигнатите апликации, применувајќи го следниот начин на бодување:

  - Лична биографија: 20 бодови;
  - Искуство со родово одговорно буџетирање: 40 бодови;
  - Буџет и понудена цена: 40 бодови;
  - Вкупно бодови: **100** бодови.

- ДОПОЛНИТЕЛНИ ИФОМАРМАЦИИ:

Дополнителни информации во врска со Јавниот повик можете да добиете на електронската адреса: gbproject@glasentekstilec.mk. Дополнителни информации се добиваат до **15 септември 2024 година**.
Дополнителни информации во врска со Буџетот можете да добиете на електронската адреса: blagojche.dishoski@glasentekstilec.mk. Дополнителни информации се добиваат до **15 септември 2024 година**.

Проектот „Преку женски активизам и граѓански иницијативи до родово инклузивни и одговорни општини“ е поддржан од Швајцарија преку Цивика мобилитас.

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC